## ДОКУМЕНТИ ВО ОРИГИНАЛ:

1. Пријавен лист за конкурирање за упис на прв циклус студии – (образец А1, се купува во книжара),

2. Оригинални свидетелства од сите години/класови,

3. Документ за положена државна матура (Оригинално свидетелство за завршено средно образование за кандидатите кои не полагале државна матура),

4. Извод од матична книга на родените (оригинал),

5. Доказ за државјанство на РС Македонија (уверение или решение), оригинал,

6. Дипломи/награди на републички и меѓународни натпревари, што евентуално биле освоени во текот на средното образование (доколку кандидатот ги поседува)

## ОБРАСЦИ КОИ ТРЕБА ДА СЕ ИСПЕЧАТАТ ОД I-KNOW СИСТЕМОТ И СВОЕРАЧНО ДА СЕ ПОТПИШАТ:

7. Универзитетски пријавен лист,

8. Интерен пријавен лист,

9. Изјава за лични податоци,

10. Изјава за припадност на заедниците, кои не се мнозинство во РС Македонија,

## ЗАДОЛЖИТЕЛНИ ПОТВРДИ ЗА УПЛАТИ

11. Потврда/Уплатница за уплатени 300 денари на жиро сметка на Природно-математичкиот факултет во Скопје (образец ПП50),

12. Потврда/Уплатница за уплатени 50 денари за административна такса (образец ПП50)

***** За **ВОНРЕДНИТЕ** студенти, важи сето претходно спомнато, кои согласно глава VI од конкурсот, треба да го приложат плус следниов документ:

- М1/М2 образец заверен на нотар (доколку се во редовен работен однос) или,

- лекарско уверение ( доколку студентите од оправдани причини не можат да се запишат како редовни, а за оправдани причини се сметаат: инвалид кој ме може да ја посетува наставата, потешка долготрајна болест , која оневозможува редовно следење на наставата подолго од еден семестар, родител на дете додека трае породилното отсуство.

## ВАЖНИ НАПОМЕНИ

**I.** Книжарата на Природно-математичкиот факултет во Скопје НЕ РАБОТИ. Пријавниот лист за конкурирање за упис на прв циклус студии (образец А1), купете го во вашата најблиска книжара пред да дојдете на факултетот за да ги поднесете документите.

**II.** Ви препорачуваме, уплатите да ги извршите во вашите места на живеење или во најблиските банки во околината на Природно - математичкиот факултет во Скопје, како Експозитурата на Комерцијална банка, лоцирана до главниот влез на трговскиот центар „Ист Гејт" (оддалечена на 750 м од Факултетот), Експозитурата на Комерцијална банка во Автокоманда, како и други банки и пошта во истата населба.

Доколку уплаќате електронски, налозите да бидат испечатени и заверени со печат од банката.